(2) Formën, përmbajtjen dhe mënyrën e mbajtjes së regjistrit nga paragrafi (1) i këtij neni i përcakton drejtori i Institutit.".

Neni 7

Aktet nënligjore të përcaktuara me ketë ligj do të miratohen në afat prej 30 ditëve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 8

Procedurat e filluara deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji do të mbarojnë në pajtim me ligjin me të cilat ishin të filluara.

Neni 9

Dispozitat e neneve 2, 3, 4 dhe 5 të këtij ligji do të fillojnë të zbatohen me fillimin e zbatimit të Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative, në pajtim me nenin 141 nga Ligji për procedurë të përgjithshme administrative ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 124/15).

Neni 10

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**1340.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 март 2016 година.

Бр.08-1681/1
15 март 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Член 1

Во Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" број 145/10, 136/11 и 41/14), во членот 15 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

„(5) Овластеното службено лице кое ја води постапката за оцена на концентрацијата по службена должност ги прибавува финансиските извештаи и извод од трговски регистар или друг регистар на правни лица од ставот (4) точки 2) и 3) на овој член за учесниците во концентрацијата кои се регистрирани во Република Македонија од надлежниот јавен орган во рок од три дена од денот на поднесувањето на барањето.

(6) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (5) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.".

Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (7) и (8).

Член 2

Членот 18-а се брише.

Член 3

Членот 18-б се брише

Член 4

Во членот 27 став (7) точка 5) алинејата 6 се брише.

Член 5

Во членот 28 став (10) се менува и гласи:

„Управните постапки ги води претседателот и четворицата членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Одлуките во управните постапки и одлуките кои се однесуваат на тековното работење на Комисијата за заштита на конкуренцијата ги донесуваат претседателот и четворицата членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница со мнозинство гласови од вкупниот број членови. Член на Комисијата за заштита на конкуренцијата не може да биде воздржан од гласање.".

Член 6

По членот 62 се додава нов наслов и нов член 62-а, кои гласат:

„Други прекршоци

Член 62-а

(1) Глоба во висина од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членот 15 став (5) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членот 15 став (6) од овој закон.

(3) За прекршоците од ставовите (1) и (2) на овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.".

Член 7

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 8

Одредбите од членовите 1, 2, 3, 5 и 6 од овој закон ќе се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".